ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 02.02.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓоргиевска, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски , Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Александар Ангелов, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се контактира со Светска Банка и да се закаже состанок за Среда 04.02.2015 во врска со реконструкција на улицата Пере Тошев како и за други прашања поврзани со проекти. Никола Граматиков 02.02.2015

Да се водат постапките во врска со изготвување на проектите за регулација на долови. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

Да се водат постапките за аплицираните проектите за водоснабдување во Општината: Висока Зона- Лев Брег, замена на Азбестно Цементни Цевки , водовод с. Луке, како и за проектот Бабин Дол. Никола Граматиков пренесено од претходниот колегиум

До Дирекцијата за заштита и спасување да се контактира во врска со студијатата за свлечиштата, коку чини, колку време е потребно за изготвување и други битни околности. Никола Граматиков и Александар Ангелов пренесено од претходниот колегиум

Да се продолжи со санација на штетите од поплавите и да се преземат превентивни мерки за спречување на нови штети. Комисијата за утврдување на штети да поднесе барања за констатираните штети на инфраструктурни објекти кај кои постои оштетување. Да се вклучат сите одделенија 02.02.2015

Извештај од состанок со населението за улиците за кои е даден приоритет за аплицирање. Поради искажување на интерес од страна на населението да се достави документација до оделение за општи и правни работи и да се започне со постапките пред имотно правни работи. 02.02.2015

Да се пушти барање за изготвување на проект за уредување на тротоарите за улица Св. Јоаким Осоговски. Да се изврши координација со одделение за урбанизам Никола Граматиков 2.2.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Документација за општите акти за селата како ќе се комплетира да се испраќа до изготувачот. Континуирано до завршување.

Да се водат постапките за УП за Централно градско подрачје и поднесената иницијатива за изготвување на урбанистички документи. По можност да се водат сите постапки паралелено , односно да се определат приоритети за изготвување на УП за локациите Автобуска Станица и Склад на Тигар Добривој Николовски пренесено од претходен колегиум

Известување за состојбата со постапката за повеќенаменското игралиште во с. Конопница и за актите за с. Крклја Добривој Николовски пренесено од претходен колегиум

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Извршена е процена на просториите на општината да се продолжи со понатамошната постапка. Јаготка Николовска 02.02.2015

Од страна на сите одделенија да се спроведе постапката за оценување на државните службеници и да се достави до одделението за човечки ресурси. Сите раководители

**Одделение за инспекциски надзор**

Пренесено од претходниот колегиум

Елаборат за речното корито да се потпише и испрати до надлежните институции. Бранко Велиновски и Оливер Стојановски 20.01.2015

**Одделение за финансиски прашања**

До градоначалникот да се достави листа за ажурирање на Данокот на имот. Од одделението за урбанизам да се обезбеди листата од регистарот на поднесени барања за легализација. Татјана Ѓеоргиевска 02.02.2015

Во врска со наплата на Данок на имот и комунална такса да се изврши прочистување на должниците и да се даде известување околку наплатата на Данокот на имот и комуналната такса. Да се преземат активности за ажурирање на Данокот на имот. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум

До градоначалникот да се достави предлог за организација на продажбата на градежното земјиште, споредбена пракса со други општини Татјана Ѓеоргиевска. Да се утврдат парцелите кои можат да се продаваат, по потреба да се преземат соодветни активности за средување на парцелите и да се информира Градоначалникот за почетната цена за продажба на парцелите.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се присуствува на работилници за пополнување на апликации Душко Арсовски 26.1.2015

За Стратешкиот план на општината да се спроведе SWOT анализа.Сите раководители.02.2.2015

Во врска со аплицирање со проекти за енергетска ефикасност да се контактира со ЗЕЛС. Душко Арсовски. Душко Арсовски 02.02.2015

Да се организира Гоце Фест, Манифестацијата Невестинско Поклонение на Св. Теодор Тирон и да се организира изложбата на карикатура во Скопје 02.02.2015

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

За зелениот пазар да се одржи состанок и да се даде предлог за најповолно решение. Томе Тодоровски, Никола Граматиков, Добривој Николовски пренесено од претходниот колегуим.

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Да се изврши анализа и да се даде предлог на проекти за енергетска ефикасност. Драган Величковски 02.02.2015

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 02.02.2015 година